**Почитувани,**

На 6 април (четврток), 2017 година се организира

Отворен ден на
Универзитетот „Св Кирил и Методиј“ во Скопје

Централниот настан е предвиден да се одржи на платото пред Ректоратот, каде што ќе бидат сместени штандовите на факултетите.

Посетителите ќе имаат можност непосредно, во разговор со наставниот кадар и со студентите, да се запознаат со дејноста на најстарата високообразовна институција во нашата земја, како и со нејзината долга традиција, мисија и визија.

Во изложбените простори се предвидени разновидни презентации на активностите и проектите на наставниците и студентите, како и изложба на богатата научна дејност на Универзитетот: монографии, учебници, преводи и научни списанија.

Денот е наменет за средношколците од средните училишта во Р. Македонија, но е и убава можност за сите оние што сакаат да дознаат нешто повеќе за програмите на постдипломските и докторските студии на Универзитетот.

Вашето присуство на
Отворениот ден за нас ќе претставува особена чест.

**Ве очекуваме!**